Барање за прибирање на понуди за дизајн и печатење на три документи за јавни политики и дизајн на три инфографици

во рамки на проектот

,,Национална платформа за женско претприемништво (NPWE)" финансиран од Европската Унија

Скопје, 9.09.2021

Инструкции за понудувачи

1. ВОВЕД

Националната федерација на фармери со седиште на ул. Гиго Михајловски бр. 4/1/1 од Скопје, (Нарачател) која е е една од партнер организациите кои го спроведуваат проектот ,,Национална платформа за женско претприемништво (NPWE)" финансиран од Европската Унија, во соработка со Здружение на Бизнис жени, Фондација за менаџмент и индустриско производство МИР и Сојуз на стопански комори Ви доставува Барање за прибирање на понуди за дизајн и печатење на три документи за јавни политики и дизајн на три инфографици во рамки на проектните активности.

Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управата за јавни приходи без ДДВ заради исплата на средства од грант од Европската Унија.

Цел на проектот :

Општа цел на проектот: Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за јавна политика и застапување во областа на ЖП со спојување на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.

Специфични цели :

- Градење на национална платформа за женско претприемништво како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси
- Олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни на национално и локално ниво
- Подобрување на капацитетите на граѓанските организации кои работат на полето на женско претприемништво за политики, застапување и соработка со националните и локалните власти
- Промовирање на жени претприемачки како двигатели на промени во јавната политика и (младинското) економско зајакнување поврзани со ЖП
- Придонес кон видливоста и опфатот на платформата

2. **Предмет на понудата**

Предмет на прибирање на понуди е :

- Дизајн и печатење на три документи за јавни политики вкупно 80 страни (печатењето е двобојно на А4 формат на еден јазик) и дизајн на три инфографици (целосно во боја) во рамки на буџетски линии :
- 5.1.1. Дизајн на три (3) документи за јавна политика-продукт од секторски состаноци (активноста се имплементира 2021-2023, по 1 документ секоја година)
- 5.1.3 Печатење на три (3) документи за јавни политики-продукт од секторски состаноци во 300 примероци (активноста се имплементира 2021-2023, по 1 документ секоја година – 100 примероци по документ)
- 5.1.4 Дизајн на три (3) инфографици-продукт од тематски состаноци (активноста се имплементира 2021-2023, по 1 документ секоја година)

3. **Опис на потребните услуги**

- Дизајн и печатење на три документи за јавни политики и дизајн на три инфографика во рамки на проектни активности 2.3- Организирање на 10 состаноци на три тематски групи и три состаноци на три секторски групи со цел адресирање и развој на препораки за подобрување на состојбата на селектираните области на интервенција во делот на женското претприемништво.

- Цената треба да е фиксна и изразена во денари. Цената треба да биде прикажана без ДДВ, а износот на ДДВ да се прикаже одделно.

4. **Критериуми за избор и начин на плаќање**
   - Изборот на најсоодветната понуда ќе биде извршена според принципот “најниска цена на понуда”
   - Плаќањето ќе биде извршено по финалната изработка на документите и одобрувањето на истите од страна на донаторот

5. **Процедура за пријавување и краен рок на пријавување**

Понудите треба да бидат доставени на ваш меморандум со јасно изразени цени без ДДВ и ДДВ прикажан одделно. Краен рок за доставување на понудите е **15.09.2021 (среда) до 16.00h**, исклучиво по електронска пошта на адреса daniela.antonovska@nff.org.mk

Понудите што ќе бидат доставени по овој рок нема да бидат земени предвид.

6. Известување на понудувачите

По завршување на евалуацијата на доставените понуди ќе бидете известени за направениот избор. Известувањето ќе биде направено по електронски пат на маил адресите наведени на вашиот меморандум.